СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 11/2026 | 30.10.2026 година | Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/2024), и член 38 став 1 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Градоначалникот на Општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите од 17-та редовна седница на Советот на Општина Пробиштип одржана на ден 29.10.2026 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на Акциски план 2027/2028 за спроведување на Локална стратегија за млади бр.26-1071/4;
2. Заклучок за усвојување на Извештај за проценети штети од елементарна непогода - голомразица на земјоделски култури настаната во месеците април-мај 2026 година на територијата на Општина Пробиштип бр.26-1071/5;
3. Заклучок за усвојување на Извештај за проценети штети од елементарна непогода-пожар настанат во месеците јули-август 2026 година на територијата на Општина Пробиштип бр.26-1071/6;
4. Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална детска и здравствена заштита за 2026 година бр.26-1071/7;
5. Одлука за утврдување на критериуми и услови за остварување на субвенциониран појадок за учениците на возраст од 6-10 години (прво до петто одделение) во општинските основните во Општина Пробиштип бр.26-1071/8;
6. Одлука за усвојување на Финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2026 до 30.09.2026 година бр.26-1071/9;
7. Одлука за прифаќање на иницијатива за изработка на измена и дополна ДУП за дел од УБ 19.4 КО Пробиштип со самофинансирање од страна на приватен инвеститор бр.26-1071/10;
8. Заклучок за усвојување на Извештајот за спроведување и реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Пробиштип бр.26-1071/11;
9. Заклучок од Барање од Александар Цветков од ул.„Илинденска“ бр.65 Пробиштип бр. 26-1071/12.

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 08-1071//14
30.10.2026 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Тони Тоневски с.р.

Врз основа на член 20 став 5 од Законот за младински политики и младинско учество (Службен Весник на РСМ бр.10/2020) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА За усвојување на АКЦИСКИ ПЛАН 2027/2028
за спроведување на Локална стратегија за млади на Општина Пробиштип

Член 1

Се усвојува Акцискиот план 2027/2028 за спроведување на Локална стратегија за млади на Општина Пробиштип.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Акцискиот план 2027/2028 за спроведување на Локална стратегија за млади на Општина Пробиштип.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1071/4
29.10.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

Врз на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024), а согласно член 143 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на РМ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016, 83/2018 и Службен весник на РСМ бр, 215/2021, 124/2025, 148/2026 и 212/2026), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2026 година разгледувајќи го Извештај за проценети штети од елементарна непогода - голомразица бр. 27-623/56 од 15.10.2026 година, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештај за проценети штети од природна непогода-голомразица на земјоделски култури настаната во месеците април-мај 2026 година на територијата на Општина Пробиштип

1. Се усвојува Извештајот за проценети штети од елементарна непогода- голомразица на земјоделски култури настаната во месеците април-мај 2026 година на територијата на Општина Пробиштип, бр. 27-623/56 од 15.10.2026 година со Елаборат за процена, изготвен врз основа на увид на лице место од Комисијата за проценка на штети.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за проценети штети од елементарна непогода-голомразица на земјоделски култури настаната во месеците април-мај 2026 година на територијата на Општина Пробиштип бр. 27-623/56 од 15.10.2026 година со Елаборат за процена.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1071/5
29.10.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

Врз на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024), а согласно член 143 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на РМ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016, 83/2018 и Службен весник на РСМ бр, 215/2021, 124/2025, 148/2026 и 212/2026), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2026 година разгледувајќи го Извештај за проценети штети од елементарна непогода - пожар бр. 27-816/23 од 15.10.2026 година, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештај за проценети штети од природна непогода-пожар настанат во месеците јули-август 2026 година на територијата на Општина Пробиштип

1. Се усвојува Извештајот за проценети штети од елементарна непогода-пожар настанат во месеците јули-август 2026 година на територијата на Општина Пробиштип бр. 27-816/23 од 15.10.2026 година со Елаборат за процена, изготвен врз основа на увид на лице место од Комисијата за проценка на штети.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за проценети штети од елементарна непогода-пожар настанат во месеците јули-август 2026 година на територијата на Општина Пробиштип бр. 27-816/23 од 15.10.2026 година со Елаборат за процена.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1071/6
29.10.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 7 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.Гласник на општина Пробиштип 4/2005, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Градоначалникот на општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2026 година, ја усвои следната:

Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година бр.26-1101/22 од 09.12.2025 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.12/2025), Програма за изменување на Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година бр.26-134/13 од 29.01.2026 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.1/2026) и Програма за дополнување на Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година бр.26-924/18 од 21.08.2026 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.8/2026) и тоа:

Во Точка 1 (Активности во социјална заштита) Активност по повод 3-ти Декември Меѓународен ден на лица со попреченост предвидениот износот од 70.0000,00 денари се зголемува на 150.000,00 денари.

По повод 3-ти Декември Меѓународен ден на лица со попреченост се предвидуваат следните активности:

- 50.000,00 денари да се префрлат на наменска сметка на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за набавка на дидактички материјали, опрема и друго согласно потреби на учениците со попреченост инклузирани во редовна настава;
- 50.000,00 денари да се префрлат на наменска сметка на ООУ Никола Карев Пробиштип за уредување на училница/просторија за инклузивно катче и набавка на опрема и дидактички материјали согласно потребите на училиштето и
- 50.000,00 денари за набавка на материјали, опрема или друго на Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост Пробиштип, според нивните искажани потреби.

Разликата од 80.000,00 денари се обезбедуваат од истата програма од точка 6 (Проектни активности) мерка Социјална услуга во домот –Помош и нега во домот каде предвидениот износ од 120.000 денари се намалува на 40.000,00 денари.

Во Точка 2 (Активности во детската заштита) мерката -_Бесплатен оброк за учениците од прво до петто одделение во основните општински училишта и подрачни училишта, почнувајќи од 01.10.2026 година се преименува како мерка „субвенциониран оброк за учениците од прво до петто одделние во основните општински училишта и подрачни училишта" согласно Одлуката за утврдување на мени и цени за храна на деца од 6 до 10 години.

Општина Пробиштип обезбедува субвенција во износ од 800 денари месечно по ученик, додека преостанатиот износ од 300 денари, до вкупната цена на оброкот од 1.100 денари, утврдена со одлука на Совет ќе го надоместуваат родителите/старателите.

Во Точката 2 (Активности во детската заштита) се додава нова мерка „Новогодишни пакетчиња за децата од ЈОУ ДГ Гоце Делчев Пробиштип" за која средствата ќе бидат обезбедени од буџетската програма Е0-Општинска администрација и Д0-Градоначалник.

Со оваа предлог измена и дополнување на Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година.

Број 26-1071/7
29.10.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За утврдување на критериуми и услови за остварување на субвенциониран појадок за учениците на возраст од 6-10 години (прво до петто одделение) во општинските основните во Општина Пробиштип

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат критериумите и условите за остварување на субвенциониран појадок за учениците на возраст од 6-10 години (прво до петто одделение) во општинските основни училишта во Општина Пробиштип.

Член 2

Правото на субвенционирaн појадок од општинските основни училишта во Општина Пробиштип имаат сите учениците на возраст од 6-10 години (прво до петто одделение) во ООУ Браќа Миладиновци“, ООУ Никола Карев“ ПУ „Кирил и Методиј“ Злетово, ПУ „Ратавица“ во с.Ратавица , ПУ „Ванчо Трајков“ во приградска населба с.Пробиштип.

Член 3

Износот на субвенцијата изнесува 800,00 денари месечно за секое дете. Остатокот од средствата во висина која ќе биде утврдена согласно Одлуката за утврдување на мени и цени за храна на деца од општинските основни училишта ќе ја исплаќаат родителите/старатели на децата-ученици.

Член 4

Финансиски средства за субвенционирање на оваа мерка во износ од 800.00 денари за секое дете месечно ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Пробиштип од соодветна програма.

Остатокот на средствата до цената за појадок утврден со одлука на Совет ќе ја плаќаат родителите/старатели на децата на сметка на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип.

Општинските основни училишта ќе склучат договор со ЈОУ ДГ Гоце Делчев Пробиштип за соработка со кој ќе бидат регулирани сите права и обврски на договорните страни.

Член 5

Општинските основни училишта имаа обврска да достават список за сите ученици од прво до петто одделение кои ќе користат појадок, до ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип на крајот на месецот за наредниот месец.

Општинските основни училишта имаат обврска да обезбедат просторија и инвентар за сервирање на храната за учениците .

Член 6

Храната за учениците ќе се приготвува и дистрибуира до училиштата од страна на ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип.

Член 7

Менито за храна ќе го изготвува ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип во соработка со стручни служби, согласно нормативите за храна, при што ќе се води сметка за видот на храна, количината и енергетската вредност на храната.

Цената на појадокот ја утврдува ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип и ја доставува до Советот на општината на годишно ниво (за учебна година) заради добивање на согласност.

Член 8

По истекот на секој месец ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип доставува извештај до општината, а врз основа на доставените списоци од училиштата, заради исплата на финансиските средства.

Член 9

Општина Пробиштип, Одделението за јавни дејнсоти врз основа на доставениот извештај за вкупен број на корисници-ученици на појадок од ЈОУДГ Гоце Делчев Пробитип изготвува Решение за исплата на паричните средства на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробитип кое е основ за исплата на паричните средства.

Член 10

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Пробиштип“.

Број 26-1071/8
29.10.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

За усвојување на Финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2026 до 30.09.2026 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2026 до 30.09.2026 година

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во извештајот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1071/9
29.10.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовскис.р.

Врз основа на члн 36 став 1 точка 15 а во врска со член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25, 127/25, 134/26 и 212/26), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2026 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
За прифаќање на иницијатива за изработка на измена и дополна на ДУП за дел од УБ 19.4 КО Пробиштип со самофинансирање од страна на приватни инвеститори

Член 1

Се прифаќа Иницијативата за изработка на измена и дополна на ДУП за дел од УБ 19.4 КО Пробиштип бр. 10-222/2 од 24.08.2026 година, поднесена од приватен инвеститор Драган Сентовски од Пробиштип.

Член 2

Финансирањето на изменување и допоплнување на ДУП за дел од УБ 19.4 КО Пробиштип е со самофинансирање од страна на подносителот на иницијативата-приватен инвеститор.

Член 3

Составен дел на Одлуката е Иницијативата за изработка на измена и дополна ДУП за дел од УБ 19.4 КО Пробиштип бр. 10-222/2 од 24.08.2026 година.

Член 4

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-1071/10
29.10.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.05.2026 година, го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за спроведување и реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Пробиштип

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за спроведување и реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Пробиштип бр.26-1074/1 од 22.10.2026 година.

2. Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за спроведување и реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Пробиштип бр. 26-1074/1 од 22.10.2026 година.

3. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1071/11
29.10.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/2024), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 29.10.2026 година, расправајќи по барањето од Александар Цветков, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Барањето од Александар Цветков ул.„Илинденска“ бр.65 Пробиштип бр.26-1063/1 од 15.10.2026 година за еднократна парична помош за лекување на сопруга Ивана Митрева Цветкова карцином на матка, се прифаќа и се одобруваат 100.000 денари.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-1071/12
29.10.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.